Врз основа на член 23 став 2 од Законот за контрола на предмети од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/95 и 22/07), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ШТО ВО ПОГЛЕД НА ИЗРАБОТКА ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРЕДМЕТИТЕ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат техничките услови што во поглед на изработка треба да ги исполнуваат предметите од скапоцени метали.

Член 2

Предметите од скапоцени метали можат да се изработуваат како накит, предмети изработени со ковање од злато и сребро и полуфабрикати за забно-протетички помагала.

Член 3

Предметите од скапоцени метали се изработуваат рачно и машински.

Ако предметот се состои од повеќе делови изработени од скапоцени метали, деловите треба да бидат меѓусебно цврсто поврзани.

Како цврсто поврзани делови на предмети од скапоцени метали се сметаат оние делови кои не можат да се одделат на лесен начин со рака.

Член 4

При рачна или машинска изработка на предмети од скапоцени метали производителот е должен на предметот да обезбеди место за втиснување на жиг.

Ситните предмети и предметите од филигран треба да имаат плочка изработена од скапоцен метал од кој е изработен и самиот предмет. Плочката служи за втиснување на жиг.

Синџирчето треба да има сплосната алка на која се втиснува жигот.

Член 5

На легурите од скапоцени метали за изработка на предмети согласно член 2 од овој правилник, можат да им се додаваат и други метали, како што се: цинк, кадмиум и микрододатоци на други метали заради подобрување на физичките и/или хемиските својства на самата легура.

Предмети од злато и сребро изработени со ковање можат да содржат и метали што ја зголемуваат тврдоста.

Член 6

Предметите од скапоцени метали можат да содржат и леум. Леумот е легура на скапоцени метали збогатена со врзивни материјали.

Член 7

Легурата што се користи за изработка на предмети од скапоцени метали заедно со леум, треба да има финост пропишана со Законот за контрола на предмети од скапоцени метали.

Член 8

Предметите од скапоцени метали што содржат гит, гипс и слично треба да бидат изработени така што тие материјали да бидат видливи.

Член 9

Предметите изработени од делови од обичен метал што се во цврста врска со деловите од скапоцени метали, се сметаат како предмети од нескапоцени метали.

Член 10

Предметите од скапоцени метали може да бидат изработени од повеќе цврсто споени делови на различни скапоцени метали или од повеќе цврсто споени делови на ист скапоцен метал со различни финости.

Член 11

Предметите од сребро превлечени со злато и предмети од злато превлечени со соодветен платински слој, се сметаат како предмети од сребро, односно предмети од злато. За да можат да се испитаат предметите со превлака, дебелината на превлечениот платина слој не треба да биде голема од 20 μm.

Член 12

Украсите од скапоцени метали, што се наоѓаат на предмети на обичен метал се сметаат како предмети од скапоцени метали ако од тие предмети од обичен метал може лесно да се одделат.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за техничките услови што во поглед на изработката треба да ги исполнуваат предметите од скапоцени метали ("Службен лист на СФРЈ" бр 30/82).

Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 25-3679/4
11 јуни 2007 година
Скопје

Министер за економија,
**Вера Рафајловска**, с.р.